# УПАТСТВО

за електронско пријавување на конкурсот за запишување на прв циклус студии на студиските програми на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје во учебната 2022/23

Електронското пријавување се врши преку порталот www.upisi.ukim.mk.

Прв чекор во постапката е отворање на кориснички профил, преку линкот 'Регистрирај се'. Со регистрираното корисничко име и лозинка кандидатот се најавува во системот.

По најава во системот, се внесуваат сите потребни податоци.

Порталот овозможува автоматско генерирање на некои од потребните документи: интерен пријавен лист, универзитетски пријавен лист, изјава за национална припадност, преглед на пополнета уплатница и сл..

Во последниот чекор потребно е кандидатот да ги прикачи сите потребни документи, скенирани во формат (pdf, jpg, zip).

Сите документи претходно скенирани и прикачени на порталот www.upisi.ukim.mk, кандидатот треба задолжително да ги испрати и на електронската адреса upisi-fdtme@ukim.edu.mk. Во електронската порака, во полето **'Subject'** кандидатот треба да го внесе петоцифрениот број што автоматски е генериран во системот за електронско пријавување (број на пријава).

**ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ**

- Универзитетски пријавен лист за запишување (образец А1) - се набавува од книжарница
- Интерен пријавен лист (се печати од електронската пријава)
- Оригинални свидетелства од сите класови
- Документ за положена државна матура (Оригинално свидетелство за завршено средно образование)
- Извод од матична книга на родените
- Доказ за државјанство на Р. Македонија (уверение или решение)
- Уплатница за уплатени 300 денари на жиро сметка на Факултетот



ЛОГО
НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ
ДАТУМ НА ВАЛУТА
НАЛОГОДАВАЧ
НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА НАЛОГОДАВАЧОТ
Коњозов Владимир
Скопје
БАНКА НА НАЛОГОДАВАЧОТ
ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА
ДАНОЧЕН БРОЈ или (ЕМБГ)
ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ -ЗАДОЛЖУВАЊЕ
ЦЕЛ НА ДОЗНАКА
надомест за упис
ПОТПИС
ПРИМАЧ
НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА ПРИМАЧОТ
УКиМ - Факултет за дизајн и техноло
БАНКА НА ПРИМАЧОТ
НБРМ
ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА
100000000063095
ИЗНОС
МКД 300,00
УПЛАТНА СМЕТКА
СМЕТКА НА КОРИСНИК
1600161654 788 11
ПРИХОДНА ШИФРА И ПРОГРАМА
723019 41
НАЧИН
ДАТУМ НА УПЛАТА
МЕСТО НА УПЛАТА

- Административна такса од 50 денари

- Изјава за национална припадност(се приложува само ако во свидетелствата и дипломите не е наведена националната припадност) (се печати од електронската пријава)
- Изјава за веродостојност и точност на приложените скенирани документи (се печати од електронската пријава)
- Изјава за користење лични податоци (се печати од електронската пријава)

Кандидатите ќе добијат автоматска потврда дека електронската пошта е примена и дека пријавата е уредно поднесена.

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ**
**НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР-СКОПЈЕ**